број: 02-174/9
дата: 24.2.2018

Врз основа на членот 109 од Законот за градење („Службен весник на РМ" бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 30/2016, 31/2016 ,71/2016 и 132/2016) и член 12 став (1) точка 1 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Собранието на Комората на 24.2.2018 година донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**

за измена и дополнување на Статутот на Комората

Член 1

Со оваа Статутарна одлука се вршат изменување на ставот (4) и додавање на нов став (5) од член 20 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, по што тие гласат:

*(4) Во случај кога Управниот одбор ќе констатира спреченост за вршење на дејноста или подолготрајно отсуство на Претседателот на Комората, донесува одлука со која ќе го овласти Потпретседателот на Комората да го заменува Претседателот, додека трае спреченоста или отсуството. Со престанување на спреченоста за вршење на дејноста или подолготрајното отсуство, Претседателот на Комората се враќа на својата функција и за тоа писмено го известува Управниот одбор преку архивата на Комората.*

*(5) Седницата на Управниот одбор на која се одлучува за случајот утврден со став 4 од овој член, може да ја закаже потпретседателот на Комората, или кој и да било член на Управниот одбор на Комората.*

Ставот 5 од членот 20, станува став 6 од истиот член.

Член 2

Оваа Статутарна одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на нејзиното донесување.

Член 3

Службите на Комората да изготват пречистен текст на Статутот на комората во рок од 30 дена од донесувањето на одлуката.

Член 4

Статутарна одлука да се достави до членовите на Собранието, Управниот одбор и службите на Комората.

Претседавач на Собранието

Проф. д-р Миле Станковски

број: 02-174/10
дата: 24.2.2018

Врз основа на членот 109 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 30/2016, 31/2016 ,71/2016 и 132/2016) и член 12 став (1) точка 1 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Собранието на Комората на 24.2.2018 година донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**

за измена и дополнување на Статутот на Комората

Член 1

Со оваа Статутарна одлука се вршат изменувања и дополнувања на член 53 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, по што членот 53 во целост гласи:

*(1) Печатот на Комората е со кружна форма со димензија фи=40мм. Во него помеѓу две кружни линии е впишано: Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Македонија. Во внатрешноста од кругот е впишана ѕвезда со осум краци со црвена боја.*

*(2) Знакот е идентичен со печатот опишан во став (1) од овој член, а може да биде со црвена или златна боја.*

*(3) Знамето на Комората е со бела боја, со однос на димезиите 2,25:1, На средината на знамето е отпечатен знакот на Комората со дијаметар ½ од ширината на знамето во црвена боја*

*(4) Сувиот жиг на Комората е идентичен со печатот на комората со тоа што може да биде втиснат на различна подлога (најчесто златна) со помала или поголема димензија пропоционална димензиите на печатот.*

*(5) Комората има свој приемен и доставен штембил во правоаголна форма и на него е испишан следниот текст: Комора на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, со место/линија за впишување датум на прием/испраќање и за бројот на актот/списот.*

Член 2

Оваа Статутарна одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на нејзиното донесување.

Член 3

Службите на Комората да изготват пречистен текст на Статутот на комората во рок од 30 дена од донесувањето на одлуката.

Член 4

Статутарна одлука да се достави до членовите на Собранието, Управниот одбор и службите на Комората.

Претседавач на Собранието

Проф. д-р Миле Станковски

број: 02-174/11
дата: 24.2.2018

Врз основа на членот 109 од Законот за градење („Сл. весник на РМ" бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 30/2016, 31/2016 ,71/2016 и 132/2016) и член 12 (1) точка 1 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Собранието на Комората на 24.2.2018 година донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**

за измена и дополнување на Статутот на Комората

Член 1

Со оваа Статутарна одлука се вршат изменување на ставот (2) и (3) од член 46 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, по што тој гласи:

*(2)Комисијата за решавање на жалби од втор степен мора да донесе одлука односно решение во рок од 30 дена од денот на прием на жалбата.*

*(3) Против одлуката односно решението на комисијата за решавање на жалби од втор степен, може да се покрене постапка пред надлежниот орган согласно законската регулатива.*

Член 2

Оваа Статутарна одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на нејзиното донесување.

Член 3

Службите на Комората да изготват пречистен текст на Статутот на комората во рок од 30 дена од донесувањето на одлуката.

Член 4

Статутарна одлука да се достави до членовите на Собранието, Управниот одбор и службите на Комората.

Претседавач на Собранието

Проф. д-р Миле Станковски